# СОКОЛОВСКИ SOKOLOVSKI

СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ СЛИКИ
SLAVČO SOKOLOVSKI PAINTINGS

15 - 30. 07. 1995.

"... интересот за гестот останува и понатаму присутен во овие дела, а особено во делата изработени во последниве години, но сега трансформирани во една чувствителна преокупација со текстурата: оловото, дрвото, малтерот, грубото платно, бојата...
Меѓутоа, текстурата (повторно) овде не значи, односно, не се сведува на непосредувано продирање на материјата: текстурата е поле на крајно изнијансирани интерференции на линеарните, геометриските знаци (изразени преку повторувањето на препознатливите ликовни форми на триаголникот, крстот... низ кои се излива чистата желба за создавање, својствена на еден homo faber) и несопирливата чувствителност која се разлева низ нив на еден мошне суптилен начин, одбивајќи при тоа било какво поистоветување. Оттаму и серијалноста во постапката на Соколовски: потребен е "амбиент" во кој таа чувствителност ќе се разлее, "амбиент" во кој невидливото ќе се преточи во видливото. Потребен е сукцесивен след во градењето на замислата за да можат внатрешните вибрации да се разлеат низ овие "недопирливи" знаковни фигури чие значење е поместено меѓу тактилното и недопирливото, мануелното и сензуалното, раката и срцето. Од нивниот допир извира една необична сетилност која на делото му ја враќа способноста повторно да зборува во свое име и тоа низ една "тивка комуникација полна со таинствени струења". Тоа е онаа комуникација за која се залага Доналд Каспит, комуникација која што го "обновува чувството на интимност", а е својствена на "визуелната камерна музика" која наспроти "оперското" во уметноста на 80-те, наспроти "големите чувства" и "големите комуникации"... "го создава чувството на трајна комуникација, односно на што Виникот го нарекува "cul-de-sac" комуникација, или состојба на невозможност на комуницирање. Тоа може да се смета како состојба на размислување, но суштествено е дека тоа е повлекување од очигледно лажното, јавното јаство во скриеното, вистинското, длабоко личното јаство".

ЛИЛЈАНА НЕДЕЛКОВСКА-ДИМИТРОВСКА
СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ - Материјата како предизвик (каталог)
Музеј на совремната уметност, Скопје, 1994

Ликовните искази во овој опус нс Славчо Соколовски децидно раскрстуваат со репрезентативната функција, со претставувањето. Овој јазик не говори ништо, изразито е автореференцијален, се изложува самиот себе си. Знаковната артикулација поседува нагласена внатрешна мотивираност. Знаковните елементи (а цвде ги подразбирме и својствата на материјата и на композиционите решенија) се поврзуваат во синџирот на мотивирано взаемнодејствие при што се формира една "длабинска" длабинска аура од значенски парадигми: мистицизам на тишината, помиреност и заокруженост на контрастните и спротивставените елементи, јазичен херметизам, издржана сензуална екстаза, претопување на внатрешните и на надворешните импулси, формата како потполно затворен систем, но целосно отворен како ликовниот универзум, при што се чувствува нескриено задоволство од можноста за креативно варирање на користениот образец... Без претензија за нивното конечно откривање, би заклучиле само дека немаат екстраликовно, "екстралингвистичкото" извориште. Делуваат како крипто реторички фигури што се исчитуваат во хармонско замислените созвучја на, по себе, спротивставените елементи во знаковните пиктограми; во мрежата на траги, засеци, набори. Систематичноста на оваа артикулација подразбира пристап што е посветен, соучеснички, подразбира неопходно време на "зреење".

ВАЛЕНТИНО ДИМИТРОВСКИ
СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ - (каталог)
Музеј на современата уметност, Скопје, 1994

"...his interest in gesture remains present in these works, and especially in the works carried out in recent years, but now transformed into a sensitive preoccupation with texture: lead, wood, mortar, rough canvas colour... Yet texture (again) does not mean to be or is not reduced to a mere non-mediated penetration of matter: the texture is a field of extremely nuanced interferences of linear, geometrical signs (expressed through repetition of the recognisable forms of the triangle, cross... through which a pure desire for creation flows out, typical of a *homo faber*) and the unrestrainable sensitivity which spreads through them in a very subtle manner, rejecting any identification. Hence the seriality in Sokolovski's procedure: an "ambience" in which the invisible will become visible. A succession is needed in the building of his idea so that the internal vibrations may spread through these "intangible" sign figures whose significance is shifted somewhere between the manual and sensual, between the hand and heart. An unusual sensitivity emanates from their touch returning to the work its ability to speak again on its own behalf through a "calm communication full of mysterious currents". It is a communication upheld by Donald Kuspit, a communication which "regenerates the feeling of intimacy", and is characteristic of the "visual chamber music", which, in spite of the "operatic" in the art of the 1980s, in spite of the "great feelings" and great communications"... "creates a feeling of permanent communication, i.e. of what Winnicot calls "cul-de-sac" communication, or a state communication impossibility. It can be considered a state of thinking, but the essential point here is that it is a retreat from the obviously false public ego to the hidden, genuine and profoundly personal ego".

LILJANA NEDELKOVSKA-DIMITROVSKA
SLAVČO SOKOLOVSKI-matter of challenge (catalogue)
Museum of contemporary art, Skopje,1994

The artist idioms in these works Slavčo Sokolovski's decisively break the representative function, with representation. This language speaks nothing, it is markedly self-referential, it displays itself. Sing articulation has an emhatic internal motivation. Sing elements (here we also understand the properties of matter and of the compositional solutions) are linked within the chain of motivated mutual action where a "deep" aura of sing paradigms is established: mysticism of silence, reconciliation and completeness constrative and opposing elements, language hermetism, restrained sensual ecstasy, blending of internal and external impulses, form as a totally closed system but fully open towards the art universe, where an obvious enjoyments felt through the possibility for creative variation of the model used... With no ambitions to make an ultimate evaluation of them we would only say that they do not have any extra-artistic, 'extralinguistic' sources. They appear as cryptorhetoric figures which may be in the intended harmonies of elements opposed to each other in themselves within the sing pictograms, within the network of traces, notches and creases. The systematics of this articulation presuppose an approach which is dedicated and co-participating, and requires a period of "maturation".
References

VALENTINO DIMITROVSKI,
SLAVČO SOKOLOVSKI - (catalogue)
Museum of contemporary art, Skopje, 1994



Од циклусот "Крстови II", 1993 комбинирана техника на панел, 40x38.5
From the Cycle "Crosses II", 1993 mixed media on panel, 40x38.5



Од циклусот "Крстови I", 1993, диптих, 1992
комбинирана техника на штица, 57x38; 57x38



Од циклусот "Слики со оловна рамка II/2", 1992/93
комбинирана техника на платно, 90x50



Од циклусот "Кланфа 1", 1994
комбинирана техника на платно, 209x204

СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ

Роден 1958 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1986. во класата на проф. Петар Мазев.Член на ДЛУМ од 1986.Живее и работи во Скопје. Адреса: ул. Пушкинове бр. 9, 1/4, 91 000 Скопје тел. 236-394

**Самостојни изложби**

**1985**
Охрид, Дом на културата "Григор Прличев"; Велес, Ликовен салон; Штип, Дом на културта "Ацо Шопов", Експресија во слика (со Б. Маневски, и Ј. Шумковски)
**1986**
Скопје, Изложбен салон Дом на ЈНА (Дом на АРМ), Во пресрет на младоста (со Б. Маневски, С. Шуловиќ и Ј. Шумковски)
**1988**
Скопје, Галерија Дом на младите "25 Мај" (Младински културен центар)-слики од циклусот "Едра на хоризонтот"
**1994**
Скопје, Музеј на современа уметност
**1995**
Прилеп, Центар за современа ликовна уметност, ликовна галерија

**Групни изложби**

**1985**
Белград, Галерија ФЛУ, Изложба на студентите на ФЛУ Скопје
Скопје, Дом на младите "25 Мај" (Младински културен центар), Изложба на млади ликивни творци
Скопје, Дом на младите "25 Мај" (Младински културен центар), Кочани, Дом на културата "Бели мугри";
Прилеп, Дом на културата "Марко Цепенков", Денови на младите творци на СРМ
**1986**
Скопје, Уметничка галерија ДЛУМ XLI
**1987**
Скопје, Изложбен салон Дом на ЈНА (Дом на АРМ), Дипломирани студенти 86/87
Скопје, Музеј на современа уметност, 1. Биенале на младите
**1988**
Скопје, Музеј на Македонија, Ликовен салон за млади
**1989**
Риека, Moderna galerija, 15. биенале на младите
Сараево, Olimpiski centar "Skenderija,"
Југославенска документа
Скопје, Изложбен салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ, Скопско лето ´89
Скопје, Музеј на современа уметност, 2. Биенале на младите
Скопје, Изложбен салон Дом на ЈНА (Дом на АРМ), Изложба на млади сликари
**1990**
Суботица, Galerija "Likovni susret";
Сомбор, Галерија "Likovna jesen", "Примарност на пиктуралното, крај на децениајта - време на синтезата"
Херцег; Нови, Галерија "Јосип Бело Банковиќ", 23. Зимски салон;
Панчево, Савремена галерија за културу "Olga Petrov";
Зрењанин, Савремена галерија, Новите движења во македонската ликовна уметност;
Скопје, Галерија "Глам", 68 македонски автори - изложба мал формат.
**1991**
Вашингтон, Нов литературен уметнички салон "Пастареа", Изложба на група македонски ликовни уметници - цртеж
Скопје, Музеј на современата уметност 3. Биенале на младите
Скопје, Галерија "Харфа", Сликарство и традиција.
**1992**
Скопје, Уметничка галерија, 1 зимски салон.
Куманово, Уметничка галерија, Современи македонски сликари и скулптори од (колекцијата на МСУ).
Скопје, Културно-информативен центар, IX сликарство мал формат.
Скопје, Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски", ДЛУМ цртеж 92.
**1993**
Скопје, Музеј на современа уметност, 4.Биенале на младите.
Скопје, Уметничка галерија 1893 ВМРО 1993
Скопје, Салон на НУБ "Климент Охридски", ДЛУМ Цртеж ´93.
Скопје, Културно информативен центар, Сликарство мал формат.
Битола, Уметничка галерија, Галичка колонија.
**1994**
Nürnberg, 7 Künstler aus Skopje - Mazedonien, Kunsthaus, Kunstbunker.
Dresden, Sieben Künstler aus Skopje, Makedonien Ausstellung im Kulturrathaus Dresden.
Скопје, Музеј на современата уметност, антологија на македонската ликовна уметност 1894-1994
Paris, 12 peintres contemporains macedoniens à Paris
Spadem, Parvi

**Награди**

**1985**
Скопје, Награда за сликарство на изложбата во рамките на Деновите на младите творци на СРМ.
**1989**
Скопје, Откупна награда на Музејот на современата уметност, 2.Биенале на младите.
**1992**
Скопје, Откупна награда на Музејот на современата уметност, ДЛУМ - цртеж.
**1993**
Скопје, Откупна награда на иметничката галерија, ДЛУМ - цртеж.

SLAVČO SOKOLOVSKI

Born 1958 in Skopje, Graduated from the Academy of Fine Arts in Skopje (1986) in the class of professor Petar Mazev. Lives and works in Skopje.
Address: Puškinova 9, 1/4, 91000 Skopje, tel. 236-394

One-man exhibitions in Ohrid, Veles, Štip (1985) and Skopje (1986, 1988, 1994). Participated in several group exhibitions in Macedonia and abroad: Skopje, Washington, Sarajevo, Rijeka, Pančevo, Nürnberg, Dresden, Paris etc.
Awards from the museum of Contemporary Art in Skopje at the Youth Biennial (1989), at the exhibition of DLUM (Society of Macedonian Artists) - drawing (1992) and from Art Gallery at the exhibition of DLUM - drawing (1993)

## Каталог

1. Од циклусот "Едра на хоризонтот I", 1988
комбинирана техника на платно, 79x89

2. Од циклусот "Едра на хоризонтот III", 1988
комбинирана техника на штица, 35x90

3. Од циклусот "Едра на хоризонтот IV", 1988
комбинирана техника на штица, 35x90

4. Од циклусот "Слики со оловна рамка 1", 1990
комбинирана техника на платно, 43,5x43,5

5. Од циклусот "Слики со оловна рамка I/5", 1992/93
комбинирана техника на платно, 66,5x66,5

6. Од циклусот "Слики со оловна рамка II/1", 1992/93
комбинирана техника на платно, 90x50

7. Од циклусот "Слики со оловна рамка II/2", 1992/93
комбинирана техника на платно, 90x50

8. Од циклусот "Крстови I", диптих, 1992
комбинирана техника на штица, 57x38; 57x38

9. Од циклусот "Крстови III", диптих, 1993
комбинирана техника на штица, 60x54,5; 60x54,5

10. Од циклусот "Крстови II", 1993
комбинирана техника на панел, 40x38,5

11. Од циклусот "Крстови III", 1993
комбинирана техника на панел, 40x38,5

12. Од циклусот "Крстови IV", 1993
комбинирана техника на панел, 40x38,5

13. "Слика", 1993
комбинирана техника на платно, 43,5x43,5

14. "Слика бр.1", 1993
комбинирана техника на платно, 70x50

15. "Слика бр.2", 1993
комбинирана техника на платно, 70x50

16. "Слика бр.3", 1993
комбинирана техника на платно, 70x50

17. "Слика бр.5", 1993
комбинирана техника на платно, 70x50

18. "Слика бр.6", 1993
комбинирана техника на платно, 70x50

19. Од циклусот "Крстови IX", 1993
комбинирана техника на платно, 60x180

20. Од циклусот "Пристанишна беда IX", 1994
комбинирана техника на платно, 210x170

21. Од циклусот "Кланфа 1", 1994
комбинирана техника на платно, 209x204

Published by:
Center for culture
"Marko Cepenkov" - Prilep
For the publisher: Boris Koneski
Editor in chief:
Mihajlo Mihajloski
Dime Janeski
Scanning: "Scanpoint" - Skopje
Computer layout and
Printed by: MNIP "Raster" - Prilep
Copies: 250

Издавач:
Центар за култура
"Марко Цепенков" - Прилеп
За издавачот: Борис Конески
Организација на изложбата:
Михајло Михајлоски
Диме Јанески
Скенирање: "Скенпоинт" - Скопје
Компјутерска обработка и
печат: МНИП "Растер" - Прилеп
Тираж: 250